## Износ на пристапнината и членарината
/во денари/

| Категорија на членки | Капацитет на баркодирање /број на артикли/ | Пристапнина /без ДДВ/ | Членарина /без ДДВ/ | Надомест за GS1 број /без ДДВ/ | Надомест за GS1 број /со 18% ДДВ/ | Вкупно /3+4+6/ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Членки без GS1 број | / | 15.000 | 3.500 | / | / | 18.500 |
| Членки со GS1-13 број | 10 | 15.000 | 3.500 | 610 | 720 | 19.220 |
| | 100 | 15.000 | 3.500 | 3.500 | 4.130 | 22.630 |
| | 1.000 | 15.000 | 3.500 | 8.500 | 10.030 | 28.530 |
| | 10.000 | 15.000 | 3.500 | 15.500 | 18.290 | 36.790 |
| | 100.000 | 15.000 | 3.500 | 22.500 | 26.550 | 45.050 |
| Членки со GS1-8 број | За еден GS1-8 број | / | / | 2.200 | 2.620 | 2.620 |

* Пристапнината се плаќа еднократно (при зачленувањето), а членарина и надоместот за користење на GS1 бројот се плаќа за секоја година на членување во GS1 Македонија и користење на GS1 бројот

# The Global Language of Business

## GS1 Македонија

Маршал Тито 19
1000 Скопје
Република Македонија

**Директор: Слаѓана Милутиновиќ**
T: 02/ 32 54 250

Соработници:
Билјана Рембоска
T: 02/ 32 54 251
Срѓан Милутиновиќ
T: 02/ 32 54 252
Биљана Азеска
T: 02/ 32 54 253
Кирил Коровешовски
T: 02/ 32 54 255

F: 02/ 32 54 254

e-mail: gs1mk@gs1mk.org.mk

**www.gs1mk.org.mk**
**www.gs1.org**
**www.gs1.eu**



**GS1 Македонија**
**Асоцијација за GS1 стандарди**

GS1 Македонија

**GS1 Macedonia**
**GS1 Standards Association**

GS1 Macedonia

## Што е GS1 Македонија?

GS1 Македонија е Асоцијација за GS1 стандарди. Од нејзиното формирање во 1994 година, GS1 Македонија (порано ЕАН МАК) е членка на Меѓународната асоцијација - GS1 (порано EAN International), со седиште во Брисел, Белгија. GS1 Македонија го има добиено интернационалниот префикс 531, што секогаш е на почетокот на бар кодот на производите од фирмите што се членки на GS1 Македонија.
GS1 Македонија е единствен претставник на GS1 во Македонија со доделен сертификат за GS1 правата и ексклузивно овластување за доделување броеви за баркодирање и развој на GS1 системот во Република Македонија.

## Што е GS1 систем?

GS1 системот е единствен меѓународен систем на стандарди за идентификација на производите, услугите, транспортните единици, средствата и локацијата. Тој овозможува ефикасно управување со глобалните мулти-индустриски текови во синџирот на понудата и побарувачката, ги олеснува деловните трансакции и процесот на електронската трговија, со можност за комплетна евиденција и следење на текот на деловните трансакции.
Целта на GS1 системот од неговото формирање во 1977 година е да создаде единствен идентификационен систем за целиот свет и преку бар кодовите да обезбеди заеднички јазик во меѓународната трговија.
GS1 системот, како единствен светски систем за означување и идентификација овозможува: ефикасна примена на електронската техника, автоматска идентификација, примена на современите информациони и деловни комуникациски системи, ефикасна соработка со деловните партнери од целиот свет, унапредување на извозот, зголемена ефикасност и рационалност во работењето и постигнување на подобри деловни резултати. Просторно и технолошки многу бргу се проширува, освојува различни области, стопански и други сектори, заземајќи значајна улога во севкупните развојни процеси во светот.
GS1 системот се применува во сите производни и непроизводни области. Предностите од неговата примена во технично-технолошки развиените земји се користат во: трговијата, производството, магацинското сместување, здравството, издавачката дејност, банкарството, библиотеките, лабораториите, во канцелариското работење итн.
Денес повеќе од 1.000.000 компании од 155 земји низ целиот свет се членки на Меѓународната организација која раководи со GS1 системот и ги применуваат глобалните стандарди за да ја подобрат ефикасноста на синџирот на понудата и побарувачката.

## Што се GS1 стандарди?

GS1 стандардите се интегрална карактеристика на начинот на водење на бизнисот во светот. Компаниите што ги користат GS1 стандардите во своето работење, многу побрзо, поточно и поефикасно ги идентификуваат производите, ги разменуваат податоците по електронски пат и склучуваат зделки со деловните партнери низ целиот свет, со над 6 милијарди скенирани деловни трансакции дневно.
GS1 стандардите се меѓународен систем на стандарди коишто се применуваат за кодирање и идентификација на разни објекти и за електронска трговија.

## Што е бар код?

На секој објект што треба да се идентификува, се доделува единствен број во вид на бар код. GS1 бар кодот е шифра, графички претставен во вид на правоаголана површина со темни и светли линии, којшто во себе содржи деловна информација. Вака означените објекти, без оглед на кој начин се спакувани (кутија, сандак, контејнер, палета на производи), можат да бидат идентификувани на било кое место (трговија на големо, трговија на мало, магацин, продажно место итн.), во која и да било земја низ целиот свет, без оглед на нивното потекло или намена.
Со бар кодот производот еднаш се означува и со таа своја ознака и шифра станува препознатлив секаде низ светот, без оглед на бројот на посредниците во прометот.

## Зошто зачленувањето во GS1 Македонија е доброволно, но сепак неопходно?

Со зачленувањето во GS1 Македонија македонските фирми добиваат сопствен GS1 матичен број, резервиран во светски рамки само за баркодирање на нивните производи и автоматски стануваат дел од меѓународното семејство на GS1 членките, со што го трасираат патот за полесен пристап на домашниот и на странските пазари. Во GS1 Македонија членуваат повеќе од 1.000 македонски фирми, со тенденција на постојано зголемување на нивниот број.
Со бар кодирањето на своите артикли фирмите се стекнуваат и со низа други погодности што придонесуваат за подобрување на процесот на работење и за зголемување на ефикасноста во работењето:

- ✓ артиклите се опремуваат и се оспособуваат за извоз, како и за трговските објекти во целиот свет што се опремени со електронска скенинг-опрема;
- ✓ се подобрува контролата на дистрибуцијата на стоките, бидејќи постои запис за секоја продажба;
- ✓ се подобрува контролата на процесот на производство, бидејќи постои запис за состојбата на залихите, што придонесува за намалување на трошоците:
- ✓ се зголемува информираноста за тоа која стока е потребна, каде и кога;
- ✓ се намалуваат трошоците на администрацијата;
- ✓ се намалуваат грешките во администрирањето и дистрибуирањето на производите;
- ✓ се обезбедува практична примена на законската обврска за следливост, особено во прехранбената и фармацевтската индустрија;
- ✓ се зголемува заштитата на потрошувачите и пациентите.

Зачленувањето во GS1 Македонија и добивањето сопствен GS1 матичен број (компаниски префикс) стана неопходно за сите македонски фирми, бидејќи трговијата не ја прифаќа стоката што нема GS1 број и симбол.

## Како се добива GS1 матичен број?

Зачленувањето во GS1 Македонија е на доброволна основа, со запазување на следната процедура:

- ✓ пополнување и потпишување на пристапница;
- ✓ уплата за пристапнина, членарина и надоместок за користење на GS1 број;
- ✓ прифаќање на одредбите на Статутот на GS1 Македонија;
- ✓ потпишување на Договор за членување во GS1 Македонија.

На увид треба да се донесе или достави:

- ✓ Решение и Тековна состојба од Централниот регистар на Република Македонија - оригинал или копија заверена кај нотар.

По извршениот увид и верификација на податоците презентирани во Пристапницата и GS1-01 Анкетниот формулар сите документи се враќаат.

Кога ќе се регулираат овие формалности, од Стручната служба на GS1 Македонија членката добива меѓународен број, врз база на кој се изработува симболот на бар кодот. Во зависност од потребите, односно големината на асортиманот, членката може да избере GS1 матичен број со капацитет за означување (баркодирање) на артиклите од 100 до 100.000 бар кодови за различни артикли.

## Меѓународна GS1 организација

Од 1 јануари 2005 година Меѓународната организација за нумерирање на артиклите EAN International го смени името во GS1, откако нејзини членки станаа американската и канадската организација, како репрезенти на северноамериканските компании.

GS1 (Global Standard One) го води развојот на глобалната трговска соработка и е синоним за ефикасна понуда и побарувачка низ целиот свет. GS1 како единствена организација (број еден) раководи со стандардизацијата и унификацијата на трговијата и деловното работење применувајќи ги глобалните стандарди и креирајќи решенија коишто се компатибилни и во нив интегрирани.

**Новото име симболично претставува:**

- ✓ еден свет;
- ✓ еден глобален јазик на бизнисот;
- ✓ едно име - GS1.

GS1 Македонија

ЕАН МАК како членка на GS1 од Република Македонија од 01.01.2006 година го смени името во GS1 Македонија / Macedonia, а од 01.01.2010 е регистрирана како самостоен правен субјект и продолжи во континуитет да работи со своите членки, со истите права и обврски доделени од страна на Меѓународната GS1 организација.

GS1 Macedonia